

# СРЕДНОВЕКОВНИ ФРЕСКИ ВО МАКЕДОНИЈА—КОПИИ
# FRESQES MÉDIÉVALES EN MACÉDOINE — COPIES

ИЗЛОЖБАТА ЈА ОРГАНИЗИРААТ:

Советот за култура на НРМ,
Уметничката галерија — Скопје,
Археолошкиот музеј — Скопје,
Заводот за заштита на културно-историските споменици на НРМ,
Градскиот музеј — Скопје

L' EXPOSITION EST ORGANISÉE PAR:

Le conseil culturel de la République Populaire de Macédoine,
La galerie des beaux arts — Skopjé,
Le musée archéologique — Skopjé,
L' institut pour la protection des monuments culturels et historiques de la RP de Macédoine
Le musée de la Ville de Skopjé

Во чест на XII Меѓународен конгрес на византолозите во ФНРЈ

En l' honneur du XII$^{e}$ congrès international des byzantins dans la RFP de Yougoslavie

Интересот за византиската уметност, а во нејзините рамки и за средновековното сликарство (фреските и иконите) во нашата земја од ден на ден расте.

Проучувањата од реномираните наши и странски учени отпочнати уште во првите години од нашиот век, ја одбележуваат со се поголема сигурност уочената креаторска моќ на нашиот средновековен зограф како и неговиот удел во развојот на византиското сликарство.

Оддалечен од главниот центар, делум поослободен од стегите на византискиот канон, нашиот зограф внесува свои разбирања интерпретирајќи ги познатите теми на свој начин, што од друга страна придаваат особена дража на неговото творештво, полно со тенденции за реалистичко предавање на мотивите, со непритаено подвлекување на драматичните моменти што ги среќаваме во композициите: „Распјатие Христово", „Успение Богородично", „Оплакувањето на Христа", или умилителните мотиви со малиот Христос и св. Богородица.

Вткаени во стилот на Византиската уметност овие мотиви јасно го одбележуваат уделот на нашиот зограф, кои по зидовите на многубројните средновековни цркви остави на илјади квадратни метри фреско живопис. Делум овој живопис денес е достапен и на поширока̀та јавност.

Организирање на изложба на копии „Средновековни фрески во Македонија" има за цел да помогне, во прв ред, за поблиско запознавање на живописот од црквите чии значајни фрески поради недостатноста на теренот остануваат помалку познати иако по своите квалитети спаѓаат во редот на најарните остварувања на средновековното сликарство на територијата на денешна Народна Република Македонија.

Со цел да се истакнат основните карактеристики на нашите средновековни зографи и полесно уочат нивните неоспорни ликовни вредности како и нивниот допринос во развојот на византиското сликарство ги презентираме копиите со следните теми: „Распјатие Христово", „Успение Богородично", умилителните мотиви и портретите на световни и свештени лица од неколку најразлични цркви, убедени дека на тој начин полесно ќе бидат согледани карактеристиките и одликите на нашите зографи. Свесни дека копијата никогаш во потполност не го заменуваат оргиналот, предлагаме копии на најразличните фрески работени од реномирани кописти, со единствена желба да спомогнеме и на овој начин за подобро запознавање на културното наследство од областа на сликарството.

Во минатото преземани се извесни мерки за заштита на сликарството во средновековните цркви, но услови за систематска работа се создадени дури по ослободувањето. Бројните институции чија што цел е очувувањето на културните драгоцености од богатата ризница на нашиот народ што се формирани по ослободувањето, уште посилно ја илустрираат грижата на народната власт за културното наследство.

Копиите на фрески на оваа изложба се од Фондот на Археолошкиот музеј, Градскиот музеј и Уметничката галерија во Скопје, а некои се работени специјално за оваа изложба.

КОСТА БАЛАБАНОВ